Врз основа на член 154 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА НАПРАВЕНИТЕ РЕАЛНИ ТРОШОЦИ И НАЧИНОТ НА РАСПРЕДЕЛБАТА

## Член 1

Со овој правилник се утврдува висината на надоместокот на трошоците во постапката за признавање врз основа на направените реални трошоци и начинот на распределбата.

## Член 2

Висината на надоместокот на трошоците во постапката за признавање се определува во висина на направените реални трошоци и тоа за признавање на завршено основно образование, односно за завршено одделно оделение од основното образование во странство и изнесува 2.000,00 денари.

Со износот од став 1 на овој член се покриваат направените реални трошоци во постапката за признавање на завршено основно образование, односно за завршено одделно одделение од основното образование во странство.

## Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за висината на надоместокот на трошоците во постапката за нострификација врз основа на направените реални трошоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/16).

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр. 12-14319/1
4.12..2019 година
Скопје

Министер
за образование и наука
Arbër Ademi, с.р.